Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve në trafikun ajror
M-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-2005/1
02-12 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Акционерско друштво во државна сопственост
за вршење на дејноста давање услуги во
воздухопловната навигација

Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e
veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror

# М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ

# Годишен финансиски план за 2021 година

***Ноември 2020 година***


"Босфор" Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

**Опис на документот:** Годишен финансиски план на М-НАВ А.Д. Скопје за 2021 година кој ги опфаќа ефектите од Пандемијата Covid 19 – Европски контекст, Воздушниот сообраќај Р.С. Македонија во 2019-2020 година и можни сценарија за движењето во 2021 година, Единечна цена за прелети на воздухоплови и терминални услуги за 2021 година, Анализа на планирани приходи за 2021 година, Споредбена анализа на планирани приходи на друштвото за 2021 година во однос на планирани приходи на друштвото за 2020 година, Анализа на планирани расходи за 2021 година, Табеларен приказ на планирани приходи и расходи на Друштвото за 2021 година, Планиран финансиски резултат на Друштвото за 2021 година, Споредбена анализа на планирани расходи на друштвото за 2021 г. со планирани расходи на друштвото во 2020 година, Споредбена анализа на планирани расходи на друштвото за 2021 година со реализирани расходи на друштвото во 2020 година и друго.

**Наслов**

**М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ**

**ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Референтен број:** | МНВ-610-201-04 | **Издание број:** | 1.0 |
| | | **Дата:** | 27/11/2020 |

**Извадок:**

"...Планирањето на приходите од прелети за 2021 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Македонија во првите девет месеци во 2020 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2020 – 2024 година кои се директно афектирани од Пандемијата со Covid 19 која што го зафати малтене целиот свет......."

**Клучни зборови:**

Обем на сообраќај, планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| | |
|---|---|
| **Локација:** | **Скопје** |

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/одобриле овој документ.

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработиле | Филип Трандафиловски<br>Самостоен советник во Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување<br><br>Даниела Трајчулеска<br>Раководител на Одделение за финансиски работи и администрација<br><br>Дејан Зарапчиев<br>Самостоен советник за одредување на цени | |
| Проверил аспект - квалитет | Леонора Шаља<br>Шеф на Отсек за квалитет-безбедност во Одделение за безбедност,обезбедување и квалитет | 02.12.2020 |
| Согласен | Оливера Мицевска<br>Раководител на Одделение за планирање, развој и меѓународно задолжување | |
| Одобриле | Fahrudin Hamidi<br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за воздухопловна навигација<br><br>Владко Крстевски<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за воздухопловна техника<br><br>Migjen Salmani<br>Член на Управен одбор и Извршен Директор на Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | 02.12.'20 |

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД .......... 5
2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА COVID 19 – ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ .......... 6
2.1. Прогноза на Eurocontrol – STATFOR за воздушниот сообраќај 2020-2024 (Издание 04.11.2020г.) 6
3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2019 - 2020 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2021 ГОДИНА .......... 9
4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2021 ГОДИНА .......... 11
5. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА НА М-НАВ ЗА ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ ВО 2021 ГОДИНА .......... 12
6. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА .......... 12
6.1. Споредбена анализа на планираните приходи на друштвото за 2021 година во однос на планираните во 2020 година 13
7. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА .......... 13
8. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2021 ГОДИНА .......... 17
9. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА .......... 18
10. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА .......... 19
11. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2020 ГОДИНА .......... 22
12. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2020 ГОДИНА .......... 24

# 1. ВОВЕД

Согласно член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 220/19), за вршење на услуги на воздухопловна навигација Владата на Република Северна Македонија основа акционерско друштво со еден акционер, државата - давател на услуги на воздухопловна навигација, во согласност со Законот за трговските друштва. Начинот на основање, дејностите и начинот на управување се регулирани со актот за основање и статутот на друштвото.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 16.10.2008 година донела Одлука за отпочнување на постапка за основање на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловна навигација бр. 19-4602/1. Согласно Тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар, датум на основање на Друштвото М-НАВ АД Скопје е 04.11.2008 година.

Со Одлука за изменување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19) и Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/20) е изменет називот на друштвото, согласно што Акционерското друштво работи и учествува во правниот промет под фирма: **Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ А.Д. Скопје.** Скратен назив на фирмата е: „М-НАВ“ А.Д. – Скопје.

## ➢ Предмет на работење на М-НАВ А.Д. Скопје

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

1. Давање на услуги на воздухопловната навигација (ANS – Air Navigation Services) како приоритетна дејност на Друштвото, која опфаќа:

1.1 АТМ услуги (Air Traffic Management) и тоа:

а) АТС услуги (ATS-Air Traffic Services):

- контрола на летање (ATC – Air Traffic Control), која се дава на воздухопловите преку издавање на одобренија и инструкции на надлежната контрола на летање за да се овозможи безбеден, редовен и брз проток на воздушниот собраќај;
- информирање во лет (FIS - Flight Information Service), која се дава преку издавање на информации значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај; и
- тревожење (ALRT – Alerting Service) која се дава за воздухоплов кој има потреба од потрага и спасување преку известување и координирање на надлежните субјекти.

б) регулирање на протокот на воздушен сообраќај (ATFM – Air Traffics Flow Management), која се дава за да се овозможи максимално искористување на капацитетот на контролата на летање и обемот на сообраќајот;

в) организација на воздушниот простор (ASM – Air Space Management), која се дава за да се обезбеди максимално и флексибилно искористување на воздушниот простор за сите корисници и г) мрежни функции (Network functions) се услуги кои се даваат со цел обезбедување на детални аранжмани за донесување на заеднички одлуки помеѓу земјите членки, давателите на услуги на воздухопловна навигација и функцијата за управување со мрежата.

1.2. Услуги на воздухопловно информирање (AISAeronautical Information Service), кои опфаќаат: собирање, обработка и дистрибуција на воздухопловните информации, итни

известувања, воздухопловен информативен циркулар, воздухопловни карти и постапки и процедури за летање;

1.3. метеролошките услуги кои опфаќаат собирање, обработка и дистрибуција на метеролошки информации, метеролошка прогноза, метеролошки известувања и метеролошки предупредувања; и

1.4. Поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација што подразбира превентивно и корективно одржување, приспособување, калибрирање, мониторирање, надгледување, управување, поставување и воведување во работа, како и развој и измена на процедури и упатства за работа и одржување на оперативните технички средства во состојба која овозможува безбеден и уреден воздушен сообраќај (CNS Services).

2. Водење на евиденција, собирање, обработка и проследување на податоци кои се користат за наплата на надоместоци од услугите на воздухопловна навигација.

3. Изготвување и редовно ажурирање на Зборникот на воздухопловни информации.

4. Обука на АНС персонал.

➢ **Давателот на услуги на воздухопловна навигација се финансира од:**

- делот од надоместокот остварен по основ на давање на услуги на воздухопловна навигација чија висина се утврдува со трошковник на давателот на услуги на воздухопловна навигација на начин пропишан согласно со членот 56 став (4) на Законот за воздухопловство,
- надоместок за обука на ANS персонал и
- даноци, заеми, кредити и друга финансиска и техничка помош.

## 2. ЕФЕКТИ ОД ПАНДЕМИЈАТА COVID 19 – ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ

**Пандемијата од Covid 19 што го зафати целиот Европски регион па и пошироко во 2020 година имаше директен и катастрофален удар пред се врз воздушниот сообраќај и воздухопловството во целина, а како клучен сегмент на воздухопловството и врз Давателите на услуги на воздухопловна навигација во Европскиот регион и пошироко. Со оглед на нејзиното очекувано продолжено влијание и во 2021 година, М-НАВ АД Скопје како во 2020 година, така и во 2021 година ќе се соочува со драстичен пад на сообраќајот во однос на периодот пред пандемијата, а со тоа и со директни финансиски импликации во работењето на Друштвото.**

### 2.1. Прогноза на Eurocontrol – STATFOR за воздушниот сообраќај 2020-2024 (Издание 04.11.2020г.)

Прогнозата на воздушниот сообраќај издадена од страна на Eurocontrol – STATFOR го презентира големото влијае на Пандемијата од Covid-19 врз изгледот на авио сообраќајот во иднина, земајќи ги пред се следните инпути:

- **Трендови на авио сообраќајот: 65% помалку летови во март-октомври 2020 година во споредба со истиот период од 2019 година**

Од почетокот на 2020 година (јануари-октомври), просечниот број на дневни летови во Европа (ECAC реагион) се 54% под нивото на сообраќај во истиот период од 2019 година, како што следи на графиконот подолу.




Source: Eurocontrol. Each line is a national airspace. Smoothing: 7 days.

- **Економски раст: Силна надолна ревизија на економската прогноза (извештај на Oxford Economics 2020)**

Повеќето земји се соочуваат со надолна ревизија на економската прогноза за време на целиот период (2020-2024)




Source: Oxford Economics, Release: 23 October 2020

Cumulative change = The total net percent change of the GDP growth by State between the GDP forecast used in this forecast and the one used to produce the forecast in March 2020 (unreleased).

- **Три одделни сценарија кои што треба да се земат во предвид за влијанието на COVID-19 и потребното време за нормализирање на воздушниот сообраќај**

Eurocontrol се одлучи за 3 одделни сценарија со оглед на сите можни ризици и нивните релативни влијанија, а во изработката на сценаријата, ги земаат во предвид следните параметри:

- Интензитетот на светскиот втор бран на COVID-19
- Интензитетот и време на ограничувањата воведени од јавното здравство и социјалното дистанцирање
- Достапност „и употреба" на вакцини / терапии со докажан успех во лекувањето на COVID-19
- Влијанието врз глобалната економија, од брзо силно нормализирање до финансиска криз
- Можни разлики во државната помош и ризици од банкрот во авио индустрија
- Потенцијално намалување на побарувачката за летови не само за бизнис патниците (т.е. зголемено учество на видео конференции,...), но исто така и за патниците кои патуваат рекреативно (на пр., поранливи групи).

**COVID-19 сценарија за нормализирање на авио сообраќајот**

| | | |
|---|---|---|
| **Сценарио бр.1** | Лето 2021 Вакцина | Широка достапност на вакцината за патниците (или крај на пандемијата) до летото 2021 година. <u>Нормализирање на ниво на 2019 година во 2024 година.</u> |
| **Сценарио бр.2** | Лето 2022 вакцина | Широка достапност на вакцината за патниците (или крај на пандемијата) до летото 2022 година. <u>Нормализирање на ниво на 2019 година во 2026 година.</u> |
| **Сценарио бр.3** | Не-ефективност на вакцината | Долготрајна инфекција и мала доверба на патниците. <u>Нормализирање на ниво на 2019 година во 2029 година.</u> |



## 3. ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2019 - 2020 ГОДИНА И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕТО ВО 2021 ГОДИНА

Имплеметацијата на концептот на Free Route Airspace во 2016 година беше одличен пример за соработка помеѓу давателите на услуги во регионот, а сето тоа придонесе за нормализирање на воздушните патишта и создавање на најкуси и најфлексибилни авиорути. Истовремено тоа доведе до зголемување на бројот на прелети во нашиот воздушен простор, како и заштеда на гориво за авиокомпаниите и намалување на емисијата на јаглерод диоксид. Со имплементацијата на новата организација на воздушниот простор воедно се воспоставија и нови процедури со контролите на летање од соседните земји. Со оптимално искористување на сите оперативни ресурси и дополнителен ангажман на контролорите на летање коишто поминаа повеќе обуки за да се справат со зголемениот обем на работа, безбедно и ефикасно го опслужувавме зголемениот обем на сообраќај. Притоа беа запазени сите воспоставени стандарди за обезбедување на услугите без да се предизвика значително доцнење од страна на нашата контрола на летање. Податоците покажуваат дека во 2019 година, во најоптоварениот ден нашата контрола на летање опслужи 1.113 прелети на воздухоплови.

Меѓутоа, почнувајќи од месец март 2020 година, речиси сите активности кои се однесуваа на работење на Друштвото беа во знакот на пандемијата од Covid-19. Имено, по воспоставување на првичните мерки за заштита на вработените, М-НАВ А.Д. Скопје, следејќи ги прописите и препораките пред се на Владата на РСМ, а во согласност со релевантните меѓународни документи (EUROCONTROL Guidelines for Contingency Planning of Air Navigation Services, 2009), веднаш формираше Кризен штаб за превенција и заштита од ширење на Корона-вирусот кој ќе ја следи и соодветно реагира на сите новонастанати ситуации, притоа не заборавајќи дека воздушниот простор над државата мора да биде отворен и да бидат опслужени оние корисници кои оперираат во тој период. Услугата на контрола на летање ја користеа сите медицински, карго, летови за репатријација како и мал дел од цивилните летови.

Во текот на летните месеци од јули до септември 2020 година започнаа одредени придвижувања на сообраќајот во позитивна насока поради укинување на рестриктивните политики, но сепак заради некоординираноста на мерките кои што се воведоа од страна на поделни земји во ЕУ, тоа ги засега сите земји лоцирани во географска Европа и пошироко, а авио-сообраќајот и понатаму се соочува со значителен пад.

Впрочем, во првите десет месеци од 2020 година (период јануари-септември) вкупно беа реализирани 77.949 летови од кои 71.027 беа прелети, податок кој што говори за пад од **57,5%** во однос на бројот на прелети во истиот период од 2019 година. Според статистиката на Централното биро за наплата на Eurocontrol за првите девет месеци од 2020 година, Република Северна Македонија бележи намалување од **56,9%** на наплатните единици од прелетите во однос на истиот период во 2019 година.

| Month | | 2020 Actual | 2020 Unit Rate Basis | 2019 Actual | 2018 Actual | % 2020 A / 2020 F | % 2020 A / 2019 A | % 2019 A / 2018 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (4) | (1)/(2) | (1)/(3) | (3)/(4) |
| 1 | January | **22.672** | *17.941* | 17.708 | 14.025 | 26,4% | 28,0% | 26,3% |
| 2 | February | **20.493** | *16.858* | 16.639 | 12.637 | 21,6% | 23,2% | 31,7% |
| 3 | March | **14.355** | *19.487* | 19.233 | 16.461 | -26,3% | -25,4% | 16,8% |
| 4 | April | **3.678** | *28.801* | 28.427 | 22.091 | -87,2% | -87,1% | 28,7% |
| 5 | May | **4.181** | *40.989* | 40.456 | 33.230 | -89,8% | -89,7% | 21,7% |
| 6 | June | **5.417** | *46.583* | 45.978 | 39.336 | -88,4% | -88,2% | 16,9% |
| 7 | July | **17.682** | *51.216* | 50.551 | 44.955 | -65,5% | -65,0% | 12,4% |
| 8 | August | **25.368** | *51.284* | 50.618 | 45.563 | -50,5% | -49,9% | 11,1% |
| 9 | September | **21.882** | *45.936* | 45.339 | 40.169 | -52,4% | -51,7% | 12,9% |
| 10 | October | | *38.475* | 37.975 | 33.523 | | | 13,3% |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | November | | *20.878* | 20.607 | 17.495 | | | 17,8% |
| 12 | December | | *21.752* | 21.469 | 16.970 | | | 26,5% |
| **TOTAL** | | **135.729** | ***400.200*** | 395.000 | 336.455 | **-57,5%** | **-56,9%** | 17,4% |

- Табеларен приказ на Централното Биро за наплата на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над РСМ во периодот од 01.01 до 30.09.2020 година

Истовремено, поради затвореноста на двата меѓународни аеродроми во Скопје и Охрид, слетувањата и полетувањата од истите без сведени само на карго, поштенски и летови за репатријација на граѓаните. Во месеците април, мај и јуни од 2020 година стапката на намалување ја достасува својата кулминација и бележиме пад на сообраќајот од повеќе од **90%**, додека за периодот јануари-септември 2020 година намалувањето на бројот на операции изнесуваше близу **59%** споредено со истиот период во 2019 година. За закрепнување на национално ниво е потребно да бидат отстранети ограничувањата за патување воведени од земјите членки на ЕУ бидејќи 77% од сообраќајот на македонските аеродроми е концентриран во Европската унија.

За текот на целиот изминат период М-НАВ А.Д. Скопје имаше утврдени јасни насоки и постапки како да се постапува и работи кога ќе започне нормализација на сообраќајот. Во овој контекст, се преземаа одредени чекори кои беа во насока на задржување на високото ниво на безбедност и оперативна спремност за да се одговори на барањата на корисниците на услугите. М-НАВ А.Д. Скопје и менаџерскиот тим на Друштвото за цело време будно ја следат состојбата со пандемијата и адекватно и навремено ги преземаат сите потребни активности и мерки за безбедно и сигурно давање на воздухопловната услуга.

Во моментов е многу неблагодарно да се предвиди растот ако се земат во предвид сите предизвици што падемијата од Covid 19 ги предизвика во авио-индустријата. Прогнозите за закрепнување и нормализација на воздушниот сообраќај како и можните сценарија за одвивање на сообраќајот во периодот од 2020-2024 година (публикувани се 3 сценарија од страна на Евроконтрол на 04.11.2020 година) сеуште се доста неповолни по авио-индустријата. И најоптимистичното сценарио од можните три, предвидува бавно закрепнување кое ќе трае неколку години и нормализација на сообраќајот се очекува дури во 2024 година, односно враќање на нивото кое што беше пред кризата со пандемијата.

Согласно овие три сценарија на Eurocontrol, се очекува порастот на вкупниот број на летови во воздушниот простор Република Северна Македонија во 2021 година да се движи помеѓу 14,1 проценти (при песимистично) и 69,3 проценти (при оптимистично сценарио) споредено со 2020 година. При пресметката на единечната цена за прелети во РСМ за 2021 година М-НАВ А.Д. Скопје поаѓа од претпоставката за пораст на бројот на наплатните единици за прелети од 45% споредено со истиот број во 2020 година.

**Р. С. Македонија**

| | **Пораст** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сценарио** | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020/2019 | 2021/2020 | 2022/2021 | 2023/2022 | 2024/2023 |
| Сценарио 1 | | | | | | -56,3% | 69,3% | 25,3% | 10,8% | 8,3% |
| Сценарио 2 | 3,9% | -4,3% | 17,5% | 12,7% | 15,5% | -56,5% | 16,8% | 48,2% | 16,2% | 13,7% |
| Сценарио 3 | | | | | | -56,5% | 14,1% | 19,3% | 17,2% | 13,2% |

- Пораст на сообраќајот во РСМ во периодот 2020-2024 год. (можни сценарија на Eurocontrol)

## 4. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА ЗА ПРЕЛЕТИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВО 2021 ГОДИНА

Методологијата за пресметка на единечната цена за прелети се базира на заедничкиот систем за наплата на надоместоци од прелети согласно регулативата бр.1794/06 на Европската Комисија и одлуката на Владата на РСМ за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација , начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација. ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194 од 23.09.2019 година). Информацијата за пресметката на цената на прелетите се доставува, се разгледува и потоа се одобрува од страна на Eurocontrol и авио-превозниците на косултативниот состанок што се организира секоја година. Притоа, на овој состанок се разменуваат информации за вкупните планирани трошоци, инвестициите, како и очекуваниот обем на сообраќај за секоја наредна година.

Согласно извршеното усогласување помеѓу М-НАВ АД Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство на РСМ како регулаторно тело, единечната цена на прелетите во РСМ во 2021 година е определена да изнесува **50,87 евра**, што воедно претставува пораст од 13,1% во однос на нивото во 2020 година.

**Графички приказ на движењето на единечна цена за прелети во РСМ во периодот помеѓу 2012 - 2021 година**




Вредно е да се напомене и фактот дека со порастот на сообраќајот во изминатиот период и приходите остварени од зголемениот обем на дадени услуги се создадоа предуслови за намалување на цената на прелетите. Меѓутоа во 2020 година, поради катастрофалното влијание на пандемијата и очекуваниот пад на сообраќајот, М-НАВ АД континуирано спроведува и финансиска анализа која треба да даде појасна слика за ликвидноста на Друштвото во услови на криза. Истовремено, веднаш беа имплементирани антикризни мерки за намалување на вкупните расходи за 17,3% на годишно ниво. Од пресметката на единечната цена за прелети за 2021 година произлезе заклучок дека и покрај предвиденото намалување на расходите во 2021 година на ниво кое треба да овозможи непречен и безбеден сервис на услугите за воздухопловна навигација, заради драматичното влијание на пандемијата врз авио -сообраќајот, единечната цена за прелети во 2021 година сепак потребно е да се зголеми за 13% споредено со истата во 2020 година, а притоа да не влијае отежнувачки на понатамошните активности што ќе се преземат за

закрепнување на воздушниот сообраќај.

Во однос на периодот што ќе следи по 2021 година, цената за прелетите пред се ќе зависи од развојот и траењето на пандемијата, обемот на сообраќајот, како и од влијанието на капиталните инвестиции од „Проектот за модернизација на системот за контрола на летање на М-НАВ АД" врз цената на прелетите. Овие капитални инвестиции се пред се наменети за техничко осовременување на системот за воздухопловна навигација, зголемување на капацитетот на воздушниот простор, а пред се за оддржување на потребното ниво на безбедност во воздушниот сооображај.

## 5. ЕДИНЕЧНА ЦЕНА НА М-НАВ ЗА ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ ВО 2021 ГОДИНА

Еден помал дел (11%) од вкупните планирани приходи, М-НАВ АД Скопје очекува да реализира како давател на терминални услуги на воздухопловна навигација, односно услуги на контролата на летање при полетување и слетување на аеродромите во Скопје и Охрид. Од овие услуги во 2021 година, се очекува приход од приближно 82 милиони денари што воедно претставува намалување од околу 46% во однос на вкупните остварени приходи од терминални услуги во 2019 година.

Согласно Договорот за заем со Европската Банка за обнова и развој за финансирање на „Проектот за надградба на системот за воздухопловна навигација" во Република Северна Македонија и заради ефикасно сервисирање на обврските по истиот, единечната цена за терминални услуги од 1-ви април 2014 година изнесува 3,60 евра по тон на максимална тежина на воздухоплов во полетување. Истата е непроменета во текот на изминатиот период, а М-НАВ АД Скопје планира да ја задржи цената за терминални услуги на исто ниво и во 2021 година.

## 6. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

"М-НАВ" А.Д. Скопје остварува приходи од своето работење по основ на наплата на:

- надоместок за давање на услуги за прелети – фактурирање и наплата што во име, а за сметка на М-НАВ А.Д. Скопје ја врши EUROCONTROL - CRCO (Central Route Charges Office);
- надоместок за давање на терминални услуги на воздухопловна навигација – фактурирање и наплата што во име на М-НАВ А.Д. Скопје исто така ја врши EUROCONTROL – CRCO;
- приходи од останати услуги (давање на комуникациски и радарски услуги на Hungarocontrol од страна на М-НАВ А.Д.Скопје);
- останати приходи (приходи од минати години, донации, од закупнина и др.); и
- надомест за обука за ANS персонал.

Планирањето на приходите од прелети за 2021 година се базира на анализите на воздушниот сообраќај во Република Македонија во првите девет месеци во 2020 година како и на последните сценарија изготвени од EUROCONTROL за бројот на летови во периодот помеѓу 2020 – 2024 година кои се директно афектирани од Пандемијата со Covid 19 која што го зафати малтене целиот свет.

**Согласно оваа анализа, за периодот од јануари-декември 2021 година се предвидува да се реализираат вкупно приходи во износ од 738.883.007,00 денари**, од кои **644.934.823,00 денари** приходи по основ на прелети, **81.948.184,00 денари** приходи по основ на терминални услуги **и 12.000.000,00 денари** приходи од останати услуги од кои по основ на давање на радарска слика и комуникациски услуги на Hungarocontrol 10.000.000,00 денари и 2.000.000,00 денари останати приходи од публикување на воздухопловни

информации, приходи од минати години, надомест на штети, донации и друго.

Приходите се планираат по тримесечја и тоа, во првото тримесечје од 2021 година се очекува да се реализираат **77.271.519,44 денари**, во второто се планира да се остварат **193.237.452,72 денари**, во третото **297.548.319,50 денари,** додека во четвртото тримесечје се очекува да се реализираат **170.825.714,90 денари приходи**, што укажува на сезонскиот карактер на сообраќајот кој истовремено се рефлектира и на приходите.

Структурата на приходите во планските проекции за 2020 година се очекува да биде: 87,3% приходи од прелети, 11,1% приходи од терминални услуги и 1,6 % останати приходи.

Табеларен преглед на вкупните планирани приходи на М-НАВ за 2021 година е даден подолу во текстот, Точка 9.

### 6.1. Споредбена анализа на планираните приходи на друштвото за 2021 година во однос на планираните во 2020 година

| **ПРИХОДИ** | **Планирани 2021г.** | **Планирани 2020г.** | **% 2021/2020** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Приходи од прелети | 644.934.823,00 | 948.951.519,00 | -32,04 |
| Приходи од терминални услуги | 81.948.184,00 | 153.601.869,00 | -46,65 |
| Останати приходи | 12.000.000,00 | 12.000.000,00 | - |
| | | | |
| ***ВКУПНО денари:*** | **738.883.007,00** | **1.114.553.388,00** | **-33,7** |

Согласно Годишниот финансиски план на М-НАВ АД Скопје, износот на планираните приходи за 2021 година е помал за 33,7% во однос на планираните приходи за 2020 година како последица на катастрофалното влијание на пандемијата врз авио-сообраќајот

## 7. АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

**Вкупните расходи планирани за периодот јануари-декември 2021 година изнесуваат 777.687.000,00 денари, а истите во споредба со вкупно планираните расходи на Друштвото за 2020 година се намалени за 30,0%.**

**Имено, водејќи сметка пред се за минимум потребните средства за континуирано обезбедување на високо ниво на безбедни, редовни, експедитивни и ефикасни услуги на воздухопловна навигација на корисниците во рамките на дезигнираниот воздушен простор на Република Северна Македонија, антикризната економска мерка на Управниот одбор за драстично намалување на планираните вкупни расходи на Друштвото за 2021 година е донесена како резултат од продолженото влијание на Пандемијата од Covid 19 и во 2021 година која има директен и катастрофален удар пред се врз воздухопловството во целина, со што М-НАВ АД Скопје како во 2020 година, така и во 2021 година ќе се соочува со драстичен пад на сообраќајот во однос на периодот пред пандемијата, а со тоа и со директни финансиски импликации во работењето на Друштвото. Имајќи ја во предвид и крајната неизвесност од состојбата со Пандемијата од Covid 19 и нејзиното директно влијание врз воздушниот сообраќај и приходите, Управниот одбор на М-НАВ континуирано ќе ги следи идните состојби и тековно ќе превзема дополнителни мерки за одржување на високиот квалитет на услугите на воздухопловна навигација како основна дејност на Друштвото.**

Имајќи го сето погоре наведено, вкупните планирани расходи за 2021 година табеларно се прикажани во Точка 10 - Табеларен преглед на планирани расходи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2021 година, а се групирани по видови на трошоци како што следи:

- **Вкупните трошоци за вработените во 2021 година се проектирани во износ од 559.862.000,00 денари, а истите во спореба со планираните трошоци на Друштвото за 2020 година се намалени за 30,17%, од кои:**

- Трошоците за бруто плати за вработените во 2021 година изнесува 554.862.000,00 денари, кои во однос на 2020 година се намалени за 30,1%. Воедно, во оваа ставка вклучени се и пресметките за бруто плати на планирани 14 нови вработувања во втората половина од 2021 година, од кои 1 советник/преведувач во Секторот за воздухопловна навигација, 4 советика/инжењери и 2 извршители/техничари во Секторот за воздухопловна техника и 4 советника и 3 извршители во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции, како и продолжување на договорите за вработување на определено време на 11 студенти контролори на летање во 2021 година. Воедно, оваа ставка ги вклучува трошоците за законското зголемување на бруто платите по основ на минат труд, сменска работа, надоместоци за работа во празник, и зголемување на рејтинг на контролорите на летање.
- Ставката Други трошоци за вработените изнесува 5.000.000,00 денари и истите во споредба со планираните трошоци во 2020 година се намелени за 37,5%. Овие средства се наменети за исплата на останати надоместоци за вработените, т.е. трошоци за задолжителен лекарски преглед, превоз надвор од Скопје, отпремнини итн. Трошоците за јубиларни награди и други трошоци согласно Колективниот договор на М-НАВ нема да се исплаќаат и во 2021 година во согласност со превземените антикризни економски мерки од страна на Управниот одбор на МНАВ, т.е. истите се поместени за исплата во 2022 година во зависност од тековните состојби со Пандемијата од Covid 19 и нејзиното влијание врз реализацијата на сообраќајот, приходите и финансиската состојба на Друштвото во 2022 година.

- **Вкупните материјални трошоци за 2021 година се планирани во износ од 71.200.000,00 денари, а истите во спореба со планираните трошоци на друштвото за 2020 година се намалени за 27,2 %, при што:**

- Најголемо намалување на одделните ставки од вкупните материјални трошоци има кај планираните трошоци за потрошени резервни делови од 60% (истите планирани во износ од 12.000.000,00 денари), како и намалувањето од 36,7 % кај планираните трошоци за одржување (истите планирани во износ од 15.200.000,00) во однос на планираните расходи на Друштвото за 2020 година, како минимум проценети трошоци за обезбедување на непрекинато и безбедно функционирање на системите при што со оглед на нивната старост, мора до максимум да се елиминира секаква можност од нивен застој во функционирањето, да се обезбедаи неопходноста од навремени и брзи интервенции, брзи набавки на резервни делови, па и замена на делови од системите доколку е потребно во текот на годината.

- Останатите ставки од вкупните материјални трошоци како што се планираните трошоци за потрошени суровини и материјали, трошоци за потрошена енергија, трошоци за поштенски, телефонски услуги и интернет и друго, со оглед на нивниот релативно фиксен карактер, планирани се на исто ниво во однос на планираните трошоци во 2020 година.

- **Вкупните нематеријални трошоци во 2021 година се планирани во износ од 67.125.000,00 денари, а истите во спореба со вкупно планираните трошоци на Друштвото за 2020 година се намалени за 45,6 %, при што:**

- Трошоците за закуп на канцелариски простор е наменет за изнајмување на дополнителен канцелариски простор за вработените во Секторот за ФРПРРИ, а истите во споредба со 2020 година се намалени со оглед на тековната состојба состојба со Пандемијата од Covid 19 и оттука истите се планирани само во последното тромесечие од 2021 година.

- Трошоците за службени патувања и дневници за 2021 година во износ од 15.000.000,00 денари се намалени за 57,1% во споредба со планираните трошоци во 2020 година поради последиците од состојбата со Пандемијата од Covid 19 и затвореноста на одделните земји, при што редовните состаноци во меѓународните организации и институции се заменети со телеконференциски состаноци, како што и со оглед на целата состојба, повеќето обуки, семинари и учество во работилници за вработените одложени се за во 2022 година.

- Планираните трошоци за осигурување се во износ од 11.000.000,00 денари, од кои 9.000.000,00 денари за осигурување од дејност, 500.000,00 денари за осигурување на имот, 400.000,00 денари за каско осигурување, 300.000,00 денари за осигурување на персоналот на друштвото итн., и истите во споредба со 2020 година се минимално намалени согласно согледаната реализација во последните две години и потребата од рационализација на трошоците.

- Планираните трошоци за ставката Членарини во организации и друго во 2021 година е планирана во износ од 1.625.000,00, од кои 1.600.000,00 денари отпаѓаат на трошоците за годишна членарина на М-НАВ во меѓународната организација CANSO (Civil Air Navigation Services Organization) на европско и светско ниво, додека 25.000,00 денари се планирани за членарини во домашни здруженија за сметководство, ревизија и заштита при работа и истите во споредба со планираните трошоци во 2020 година се минимално намалени согласно потребата од рационализација на трошоците.

- Најголем дел од вкупните нематеријални трошоци во 2021 година претставува ставката Останати нематеријални трошоци во вкупен износ од 35.000.000,00 денари како што следи:

| **Останати нематеријални трошоци** | **2021** | **2020** | **%2021/2020** |
|---|---|---|---|
| Надомест надзорен одбор | 350.000,00 | 350.000,00 | 0,00 |
| Авторски хонорари | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | 0,00 |
| Обука КЛ, семинари и советувања | 6.000.000,00 | 33.000.000,00 | -81,82 |
| Ревизија на финансиски извештај | 250.000,00 | 200.000,00 | 25,00 |
| Адвокатски услуги | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 0,00 |
| Останати интелектуални услуги | 13.050.000,00 | 15.800.000,00 | -17,41 |
| Стручни списанија весници | 250.000,00 | 250.000,00 | 0,00 |
| Сертификација АЦВ | 10.700.000,00 | 10.500.000,00 | 1,90 |
| Други нематеријални трошоци | 1.000.000,00 | 1.500.000,00 | -33,33 |
| Донации во земјата | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 0,00 |
| Одржување на софтвер | 200.000,00 | 200.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **35.000.000,00** | **65.000.000,00** | **-46,15** |

Како што може да се види од табелата погоре, овие трошоци во споредба со планираните во 2020 година се драстично намалени (46,15%), а најголемиот дел од оваа ставка – Останати нематеријални трошоци отпаѓа на трошоците на подставките:

- Подставката за Обука на контролори на летање (КЛ), семинари и советувања е во вкупен износ од 6.000.000,00 денари за 2021 година од кои, за потребите на Секторот за воздухопловна навигација се предвидени 5.200.000,00 денари за Обука за обнова на знаењата за Контролорите на летање со посебно овластување за единица на КЛ Skopje TWR/EXC и Ohrid/TWR/APP/EXC, школување на 1 Контролор на летање со ADI/TWR&APP овластување за OJTI, Обука за обнова на знаењата за Инструктор (OJTI/STDI Refresher course), полагање на тест по воздухопловен англиски јазик за ПКЛ (TEA), додека за Секторите за воздухопловна техника и Секторот за ФРПРРИ предвидени се трошоци од 800.000,00 денари за потребните обуки на воздухопловниот персонал и останатите вработени.
- Останати интелектуални услуги во вкупен износ од 13.050.000,00 денари од кои најголемиот дел се планирани трошоци за консултантски услуги по основ на склучен Договор за консултантски услуги за имплементација на проектите финансирани со заем од ЕБОР во износ од 4.000.000,00 денари, геодетско снимање на аеродромите Скопје и Охрид во износ од 1.250.000,00 денари, надзор за изградба на АТМ здрада во износ од 3.700.000,00 денари, надзор за адаптација на техничка сала во износ од 1.000.000,00 денари, провизија за услуги за фактурирање и наплата на терминални услуги на контрола на летање од страна на Еуроконтрол во износ од 1.000.000,00, 2.000.000,00 денари за исплата согласно Договорот за подршка на земјите-членки склучен со Еуроконтрол (Support to States Agreement) и други трошоци во рамките на ставката останати интелектуални услуги.
- Како поголема подставка спаѓаат и годишните трошоци за сертификација на М-НАВ А.Д. Скопје од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство во вкупен износ од 10.700,000,00 денари.
- Подставката Други нематеријални трошоци во износ од 1.000.000,00 денари опфаќа наемнини за недвижности (Закуп за антена на Црн Врв), трошоци за чување архивски материјали, трошоци за фотокопирање, потврда за неосудуваност за вработените и друго.
- Трошоците за Донации во земјата се предвидени на износ од 1.000.000,00 денари за Воздухопловната Федерација на Република Северна Македонија.

- **Останатите трошоци од работењето се проектирани на 6.000.000,00 денари во 2021 година.** Во оваа категорија спаѓаат трошоците за резервации за надомест на вработени и резервации за договори, трошоци за вредносни усогласувања на краткорочни побарувања, отпис на побарувања од CRCO и друго, а во споредба со планираните трошоци во 2020 година се зголемени за 20% поради очекуваните зголемувања во 2021 година на трошоците за вредносни усогласувања на краткорочните побарувања и отпис на побарувањата од CRCO како последица на Пандемијата од Covid 19 и нејзиното негативно влијание врз финансиското работење на авиокомпаниите.

- **Амортизацијата е планирана во износ 58.500.000,00 денари согласно номенклатурата за пресметка на амортизација и сметководствената политика на Друштвото, и истата е намалена за 2,5% во однос на 2020 година имајќи ги предвид реализацијата на планираните инвестиции за 2020 и очекуваната реализација во 2021 година.**

- **Вкупните финансиски трошоци планирани за 2021 година се планирани во износ од 15.000.000,00 денари,** од кои поголемиот дел во износ од 12.000.000,00 денари отпаѓа на планираната исплата на камати за неповлечени и повлечени средства по Договорот за заем склучен со ЕБОР на 24 септември 2013 година, додека планираните трошоци за банкарски услуги се планирани во износ од

3.000.000,00 денари. Овие трошоци се намалени во споредба со планираните трошоци за 2020 година за 34,8 % поради намалената динамика на реализација на планираните инвестиции финансирани со заемот од ЕБОР во 2020 година, како и очекуваната намалена динамика на реализација на истите и во 2021 година која се должи на последиците од Пандемијата од Covid 19 и повикувањето на клаузулата на Виша сила на дел од склучените договори за реализација на проектите.

Табеларниот приказ на планираните расходи на Друштвото за 2021 година во споредба со планираните расходи на Друштвото за 2020 година е дадено во Точка 11 – Споредбена анализа на планираните расходи на М-НАВ АД Скопје за 2021 година со планираните расходи на друштвото за 2020 година.

## 8. ПЛАНИРАН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ЗА 2021 ГОДИНА

"М-НАВ" А.Д. Скопје го изработи Финансиски план за 2021 година во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва ("Сл. весник на РМ" број 28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) и усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување. Проекциите на вкупните расходи во износ од **777.687.000,00** денари (Точка 6) се направени врз основа на анализите за работењето на М-НАВ А.Д. во изминатите две години, како и врз основа на минимум потребните средства на Друштвото за одржување на квалитетот на своите услуги во 2021 година, а во согласност со принципите на сметководственото начело на принципот на пресметковна основа.

Согласно регулативите на ICAO и Eurocontrol, давателот на услуги на воздухопловна навигација во Република Северна Македонија, М-НАВ. А.Д. Скопје работи на принципот на целосен поврат на трошоците (*full cost recovery*) од работењето што ги одобрува Eurocontrol секоја година. Тоа значи дека според "Принципите" на Eurocontrol (Док.бр.20.60.01.од Јануари 2020 г.), остварената добивка во претходната деловна година се пресметува како обврска за наредната година, при што истата се враќа на авиокомпаниите преку соодветното намалување на цената на услугите, односно во дадената пресметка делот од добивката за 2018 година во износ од 44.811.500,00 е пренесен на 2021 год. и за тој износ ја намалува трошковната основа за пресметување на единечната цена во 2021 година.

Проекциите на вкупните приходи во износ од **738.883.007,00** денари се базираат согласно планираниот обем на воздушен сообраќај за 2021 година (Точка 6).

**Со реализацијата на сите плански претпоставки, "М-НАВ" А.Д. Скопје во 2021 година очекува вкупните планирани расходи да ги надминат вкупните планирани приходи при што ќе оствари загуба од 38.803.993,40 денари.**

**Како што напоменавме, согласно гореспоменатите „Принципи" на Eurocontrol, М-НАВ А.Д. Скопје работи според методологијата на целосен поврат на трошоците, што значи дека евентуалниот износ на остварена загуба во 2021 година ќе се пренесе на наредните години, односно М-НАВ А.Д. Скопје ќе изврши поврат на овие средства преку зголемување на трошковната основа во 2023 година, т.е. проектираната загуба за 2021 година ќе се покрие со делот од добивката остварена во претходните години, како и со потенцијалната добивка што ќе се оствари во наредните години со нормализацијата на воздушниот сообраќај.**

## 9. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Q1 | Q2 | Q3 | Q4 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕЛЕТИ | 64.625.843,20 | 170.668.460,22 | 264.899.547,36 | 144.740.972,32 | **644.934.823,10** |
| ТЕРМИНАЛНИ УСЛУГИ | 9.645.676,24 | 19.568.992,50 | 29.648.772,14 | 23.084.742,58 | **81.948.183,46** |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3,000,000.00 | **12.000.000,00** |
| ***ВКУПНО ДЕНАРИ*** | **77.271.519,44** | **193.237.452,72** | **297.548.319,50** | **170.825.714,90** | **738.883.006,60** |



## 10. <u>ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА</u>

| **РАСХОДИ** | **Q1** | **Q2** | **Q3** | **Q4** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **139.010.000,00** | **139.010.000,00** | **140.921.000,00** | **140.921.000,00** | **559.862.000,00** |
| Бруто плати | 137.760.000,00 | 137.760.000,00 | 139.671.000,00 | 139.671.000,00 | 554.862.000,00 |
| Други трошоци за вработените | 1.250.000,00 | 1.250.000,00 | 1.250.000,00 | 1.250.000,00 | 5.000.000,00 |
| | | | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **17.800.000,00** | **17.800.000,00** | **17.800.000,00** | **17.800.000,00** | **71.200.000,00** |
| Потрошени суровини и материјали | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| Потрошени резервни делови | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 12.000.000,00 |
| Потрошена енергија | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 16.000.000,00 |
| Транспортни услуги | 1.250.000,00 | 1.250.000,00 | 1.250.000,00 | 1.250.000,00 | 5.000.000,00 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 4.250.000,00 | 4.250.000,00 | 4.250.000,00 | 4.250.000,00 | 17.000.000,00 |
| Трошоци за одржување | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | 15.200.000,00 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 500.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 2.000.000,00 |
| | | | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **17.656.250,00** | **20.156.250,00** | **13.906.250,00** | **15.406.250,00** | **67.125.000,00** |
| Закуп на канцелариски простор | 0,00 | 0,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 1.500.000,00 |
| Останати услуги | 250.000,00 | 250.000,00 | 250.000,00 | 250.000,00 | 1.000.000,00 |
| Дневници за службен пат и патни трошоци | 1.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 6.000.000,00 | 15.000.000,00 |
| Трошоци за репрезентација | 500.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 2.000.000,00 |
| Премии за осигурување | 500.000,00 | 9.000.000,00 | 1.000.000,00 | 500.000,00 | 11.000.000,00 |
| Членарини во организации и друго | 406.250,00 | 406.250,00 | 406.250,00 | 406.250,00 | 1.625.000,00 |
| Останати нематеријални трошоци | 15.000.000,00 | 6.000.000,00 | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 | 35.000.000,00 |
| | | | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **6.000.000,00** | **6.000.000,00** |
| | | | | | |
| **Амортизација** | **14.625.000,00** | **14.625.000,00** | **14.625.000,00** | **14.625.000,00** | **58.500.000,00** |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно финансиски трошоци** | **3.250.000,00** | **3.750.000,00** | **4.000.000,00** | **4.000.000,00** | **15.000.000,00** |
| Банкарски услуги - провизија | 750.000,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 750.000,00 | 3.000.000,00 |
| Камати по банкарски кредити | 2.500.000,00 | 3.000.000,00 | 3.250.000,00 | 3.250.000,00 | 12.000.000,00 |
| ***ВКУПНО ДЕНАРИ*** | **192.341.250,00** | **186.841.250,00** | **191.252.250,00** | **207.252.250,00** | **777.687.000,00** |



## 11. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА СО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2020 ГОДИНА

| ОПИС НА РАСХОДИ | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ 2021/2020 (%) |
|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **559.862.000,00** | **801.800.000,00** | **-30,17** |
| Бруто плати | 554.862.000,00 | 793.800.000,00 | -30,1 |
| Други трошоци за вработените | 5.000.000,00 | 8.000.000,00 | -37,5 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **71.200.000,00** | **97.800.000,00** | **-27,2** |
| Потрошени суровини и материјали | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 0,0 |
| Потрошени резервни делови | 12.000.000,00 | 30.000.000,00 | -60,0 |
| Потрошена енергија | 16.000.000,00 | 15.800.000,00 | 1,3 |
| Транспортни услуги | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 0,0 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 17.000.000,00 | 17.000.000,00 | 0,0 |
| Трошоци за одржување | 15.200.000,00 | 24.000.000,00 | -36,7 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 0,0 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **67.125.000,00** | **123.400.000,00** | **-45,6** |
| Закуп на канцелариски простор | 1.500.000,00 | 6.000.000,00 | -75,0 |
| Останати услуги | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 0,0 |
| Дневници за службен пат и патни трошоци | 15.000.000,00 | 35.000.000,00 | -57,1 |
| Трошоци за репрезентација | 2.000.000,00 | 2.500.000,00 | -20,0 |
| Премии за осигурување | 11.000.000,00 | 12.000.000,00 | -8,3 |
| Членарини во организации и друго | 1.625.000,00 | 1.900.000,00 | -14,5 |
| Останати нематеријални трошоци | 35.000.000,00 | 65.000.000,00 | -46,15 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Останати трошоци од работењето** | **6.000.000,00** | **5.000.000,00** | **20,0** |
| | | | |
| **Амортизација** | **58.500.000,00** | **60.000.000,00** | **-2,5** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **15.000.000,00** | **23.000.000,00** | **-34,8** |
| Банкарски услуги - провизија | 3.000.000,00 | 6.000.000,00 | -50,0 |
| Камати по банкарски кредити | 12.000.000,00 | 17.000.000,00 | -29,4 |
| **ВКУПНО ДЕНАРИ** | **777.687.000,00** | **1.111.000.000,00** | **-30,0** |




**Забелешка:** Отстапувањаа на планираните трошоци за 2021 година во споредба со планираните трошоци за 2020 година се објаснети погоре во текстот под точка **7 – Анализа на планирани расходи на друштвото за 2021 година.**

## 12. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА М-НАВ А.Д. СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ НА ДРУШТВОТО ЗА 2020 ГОДИНА

| **ОПИС НА РАСХОДИ** | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА** | **РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА** | **ПЛАНИРАНИ 2021/ РЕАЛИЗИРАНИ 2020 (%)** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци за вработените** | **559.862.000,00** | **715.627.370,00** | **-21,77** |
| Бруто плати | 554.862.000,00 | 709.711.199,00 | -21,82 |
| Други трошоци за вработените | 5.000.000,00 | 5.916.171,00 | -15,49 |
| | | | |
| **Вкупно материјални трошоци** | **71.200.000,00** | **52.722.437,14** | **35,05** |
| Потрошени суровини и материјали | 4.000.000,00 | 1.441.843,00 | 177,42 |
| Потрошени резервни делови | 12.000.000,00 | 7.602.142,00 | 57,85 |
| Потрошена енергија | 16.000.000,00 | 10.003.170,00 | 59,95 |
| Транспортни услуги | 5.000.000,00 | 1.777.316,00 | 181,32 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 17.000.000,00 | 16.134.445,62 | 5,36 |
| Трошоци за одржување | 15.200.000,00 | 13.735.852,52 | 10,66 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 2.000.000,00 | 2.027.668,00 | -1,36 |
| | | | |
| **Вкупно нематеријални трошоци** | **67.125.000,00** | **72.029.972,35** | **-6,81** |
| Закуп на канцелариски простор | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | 0,00 |
| Останати услуги | 1.000.000,00 | 477.791,00 | 109,30 |
| Дневници за службен пат и патни трошоци | 15.000.000,00 | 11.093.942,59 | 35,21 |
| Трошоци за репрезентација | 2.000.000,00 | 1.693.820,02 | 18,08 |
| Премии за осигурување | 11.000.000,00 | 10.202.352,00 | 7,82 |
| Членарини во организации и друго | 1.625.000,00 | 1.664.444,00 | -2,37 |
| Останати нематеријални трошоци | 35.000.000,00 | 45.397.622,74 | -22,90 |
| | | | |
| **Останати трошоци од работењето** | **6.000.000,00** | **1.963.814,60** | **205,53** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Амортизација** | **58.500.000,00** | **60.000.000,00** | **-2,50** |
| | | | |
| **Вкупно финансиски трошоци** | **15.000.000,00** | **15.151.511,06** | **-1,00** |
| Банкарски услуги - провизија | 3.000.000,00 | 2.151.819,59 | 39,42 |
| Камати по банкарски кредити | 12.000.000,00 | 12.999.691,47 | -7,69 |
| ***ВКУПНО ДЕНАРИ*** | **777.687.000,00** | **917.495.105,15** | **-15,24** |




Согласно Споредбената анализа на планирани расходи на друштвото за 2021 година (777.687.000,00 денари) во споредба со очекуваните реализирани расходи на Друштвото за 2020 година (917.495.105,15 денари), се очекува вкупно намалување од 15,24% во однос на реализацијата од 2020 година.

Напоменуваме пред се дека при искажувањето на реализираните расходи за 2020 година, од причина што кога се изготвуваше Финансискиот план за 2021 г. тие сеуште не беа целосно достапни, земени се актуелните податоци заклучно со 30.09.2020 година. За преостанатиот период од 2020 година земени се планираните расходи од Финансискиот план на Друштвото за 2020 година, освен за подставката - трошоци за осигурување од дејност, каде што за целите на пореална проекција на последното (четвртото) тримесечје

во 2020 година, вкалкулиран е износот на овој трошок од 9.000.000,00 денари во последното тримесечје бидејќи овој трошок претходно бил планиран во третото тримесечје од 2020 година, но истиот не е реализиран и ќе се прелее во последното (четврто) тромесечје од 2020 година.

Како резултат на горенаведеното, ова отстапување не е целосно реално, т.е. прецизното отстапување ќе се согледа на крајот од годината кога целосно ќе се прокнижат трошоците за 2020 година.

Имено, согласно Споредбената анализа, прикажаното отстапување на одделните ставки на расходи се должи на:

- Планираните трошоци за бруто плати на вработените во М-НАВ за 2021 година во однос на реализираните трошоци за 2020 година согласно горенаведената табела се намалени за 21,82%, но реализацијата на бруто платите во 2020 година е веќе намалена за 30% за месеците април и мај, додека за месеците од јуни до декември 2020 година за 10% согласно Антикризните економски мерки донесени на 03.04.2020 година од страна на Управниот одбор на М-НАВ со започнување на Пандемијата од Covid 19. Како што може да се види од Споредбената анализа на планирани расходи на М-НАВ А.Д. Скопје за 2021 година со планирани расходи на Друштвото за 2020 година (Точка 11), бруто платите на Друштвото за 2021 година се намалени за 30,1% во однос на планираните за 2020 година.
- Кај планираните трошоци за потрошени суровини и материјали за 2021 година споредбено со реализираните трошоци за 2020 година се прикажува драстично зголемување од причина што кај подставките канцелариски материјали, средства за хигиена и средства за вода се со требување од магацин, а податоците се превземаат од магацин на крајот од годината и по превземањето кај оваа ставка нема да има толкав процент на одстапување на крајот од годината по целосното прокнижување на трошоците.
- Кај ставките пред се за Транспортни услуги и Останати услуги каде што се прикажува намалена реализација во 2020 година, а делумно и кај сите други расходни ставки, отстапувањето на реализираното во однос на планираното се должи пред се на реалното намалено користење на услуги на транспорт, шпедиција и логистика, превоз на вработени, намалена реализација на јавните набавки и капиталните инвестиции како резултат на влијанието на Пандемијата од Covid 19 врз финансиското работење на М-НАВ како и превземените антикризни економски мерки од страна на Управниот одбор по почетокот на пандемијата. Сепак и за овие ставки на трошоци прецизната реализација ќе се согледа на крајот од годината по целосното прокнижување на трошоците за 2020 година.
- Планираните Останати трошоци од работењето за 2021 година споредбено со реализираните трошоци за 2020 година прикажуваат драстично зголемување од причина што најголемиот дел од овие трошоци (трошоци за вредносни усогласувања на краткорочни побарувања и отпис на побарувања од CRCO-Eurocontrol) се прокнижуваат на крајот од годината и по целосното прокнижување на трошоците кај оваа ставка нема да има толкав процент на одстапување на крајот од годината.
- Планираните трошоци за службени патувања и дневници за 2021 година се зголемени во споредба со очекуваната реализација на трошоци во 2020 година поради планираните обуки на воздухопловниот персонал во 2021 година и воедно по целосната блокада на меѓународните активности во 2020 година, очекуваното стивнување на пандемијата од Covid 19 и постепена нормализација на активностите на Друштвото во втората половина од 2021 година.